**Органзацијата за домување и станари (ОДС) и Фондацијата „Фридрих Еберт“, канцеларија Скопје,** во рамки на годишната програма за 2023 година, објавуваат:

**ЈАВЕН ПОВИК**

За **ангажирање на експерт/ка за изработка на методологија** за анализа и утврдување на цените на пазарот на издавање на недвижнини во Република С. Македонија, врз основа на проценетата реална вредност, а со цел заштита на правата на станарите.

**Услови за пријавување на јавниот повик:**

1. **Опис на работните задачи на експертите:**

- Утврдување и реална проценка на моменталната состојба на пазарот на недвижнини во Република С. Македонија.
- Изработка на предлог Методологија за анализа и утврдување на цените за изнајмување на пазарот на недвижнини.
- Редовна комуникација и координација со претставници на Организацијата за домување и станари (ОДС), претставници на Регулаторната Комисија за Домување, а по потреба и со канцеларијата на Фондацијата „Фридрих Еберт“.
- Преглед и земање предвид на позитивните практики и документи од земји членки на ЕУ кои веќе располагаат со исти или слични методологии, во областа на пазарот на недвижнини.
- Презентација на предлог документите пред релевантните чинители: ОДС, ФЕС, Регулаторна Комисија за Домување, како и сите останати чинители кои имаат активности кои се поврзани со пазарот на недвижнини.
- Интегрирање на сугестиите и предлозите во насока на унапредување на квалитетот и применливоста на предлог методологијата, и доставување на финалната верзија 2 недели по презентацијата, а не подоцна од 07.04.2023.

2. **Потребни квалификации:**

- Завршен економски факултет, бизнис или менаџмент, или минимум пет години работно искуство во изработка на предлог методологии од областа на пазарот на недвижнини.
- Минимум 5 (пет) години релевантно искуство во областа на економијата и пазарот на недвижнини.
- Одлично познавање и разбирање на состојбите, слабостите, потребите, предизвиците и приоритетите во Република Северна Македонија во областа на пазарот на недвижнини.
- Способност и подготвеност за тимска работа и координација на учеството на повеќе различни засегнати страни.

**3. Начин на пријавување:**

Заинтересираните лица кои ги исполнуваат потребните квалификации, треба да испратат **Кратка биографија (најмногу 3 страни), Писмо за интерес (најмногу 1 страна)**, во кое ќе бидат образложени бараните квалификации, или потврдени со портфолио на активнсти согласно искуството на кандидатите, и Финансиска понуда. Апликацијата која треба да биде на македонски јазик, треба да се достави на следните е-маил адреси: **hto.info.contact@gmail.com и contact@fes-skopje.org, најдоцна до 01.03.2023 (среда).**

По навремено пристигнување на апликациите, истите ќе бидат разгледани од страна на стручна комисија, при што кандидатите ќе бидат известени во рок од 5 работни дена.

За прашања во врска со Јавниот повик, а кои не се наведени, ве молиме обратете се писмено на hto.info.contact@gmail.coм.